

# РАЗБИРАЊЕ И ПРАКТИЦИРАЊЕ НА ИНТЕРКУЛТУРНОТО УЧЕЊЕ ВО ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ

Прирачник за младински работници, наставници и младински лидери

RYCO
Regional Youth Cooperation Office

United Nations Peacebuilding

Projekte Vullnetare Ndërkombëtare

Прирачникот е изработен во рамки на проектот:

„Моќта на дијалогот:

Интеркултурен дијалог како моќен инструмент за развој на младите и мобилност ”

имплементиран во пратнерство на 4 организации од Западен Балкан 6

Меѓународни проекти за волонтирање – ПВН Албанија

КРЕАТОР Денс Куманово

Азбуки

Иновативен активен центар за социјално подобрување Косово.*

Со финансиска поддршка на

на Регионална канцеларија за младинска соработка (РИКО)

Прирачникот е изработен од страна на:

Олтиана Рама

Катерина Димовска

Едитиран на англиски и дизајниран

Маире Роуланд

* Оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.

# БЛАГОДАРНОСТ

Овој прирачник е креиран со цел да им помогне на наставниците, младинските работници и воопшто младите да го разберат и практицираат интеркултурното учење на и дијалог при нивната работа со младите луѓе.

Би сакале да се заблагодариме на сите кои учествувале со своите идеи за развивање на овој прирачник. Овој прирачник е достапен на секој оној кој е заинтересиран да воведе новини во својата секојдневна работа, и за секој кој ќе го препознае прирачникот како корисен.

Најпрвин, и благодариме на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) за довербата и поддршката пружена при спроведување на проектот „Моќта на дијалогот: Интеркултурен дијалог како моќен инструмент за развој на младите и мобилност“, проект од кој произлезе и овој прирачник.

Во продолжение, би изразиле и благодарност до четирите организации членки на оваа партнерство / конзорциум за нивната професионалност, трпение и посветеност при имплементација на овој проект, како и да нивниот придонес кој проектот го направи поуспешен и повлијателен. (Меѓународни проекти за волонтерство – ПВН од Албанија, КРЕАТОР Денс Куманово од Северна Македонија, АзБуки од Србија и Иновативен активен центар за социјално подобрување од Косово). Важно е да напоменеме и дека организациите вложија напори за вклучување на 12 средни училишта од Западен Балкан 6 во самиот проект, неговите активности и мобилности.

Им благодариме и на сите кои имаа можност да работат со нас за време на обуката одржана во Тирана (во период 02 до 08 февруари), една продуктивна и посветена група составена од наставници од средните училишта, младински работници и млади лидери.

Ви благодариме за вашите вредни идеи и придонесот при развој на работилниците и методите содржани во овој прирачник:

Миѓен Красниќи, Драгана Лазаревиќ, Матилда Зизоли, Анита Стојчевска, Блерим Шерифи, Давид Живковиќ, Дафина Дака, Даниел Мишиќ, Дејан Китановиќ, Драгана Станковиќ Крстиќ, Елена Маневска, Егла Ука, Ермира Јмерај, Фабиола Данај, Гетарба Мулиќи, Иван Николиќ, Маја Обрадовиќ, Преспа Гаши, Раме Хајрај, Сузана Петровиќ, Сара Михајловска, Или Тачи.

# Содржина


| | |
|---|---|
| Вовед | 6 |
| **Дел 1: Разбирање на интеркултурното учење и дијалог** | 9 |
| 1.1.Клучни аспекти / концепти | |
| #Култура | |
| #Идентитет | |
| #Културна разновидност | |
| #Стереотипи, предрасуди и дискриминација | |
| #Интеркултурни компетенции | |
| **1.2 Какви резултати дава интеркултурното учење?** | 15 |
| #Активно младинско учество | |
| #Мир | |
| #Помирување | |
| **1.3.Како да постигнеме и практикуваме интеркултурно учење?** | 16 |
| #Младински размени и мобилност | |
| #Регионална соработка | |
| **2. Зошто интеркултурното учење и дијалог се важни за Западен Балкан 6 и која е улогата на младите?** | 19 |
| 2.1 Зошто е важно? | |
| 2.2. Која е улогата на младите? | |
| **3. Неформални методи / алатки за практикување и стекнување на интеркултурни компетенции и учење за мир** | 24 |




Tirana, Albania



"We are superheroes, none of us individually, but all of us together."

Hank Green



# Вовед

***Зошто овој прирачник?***

Овој прирачник е подготвен со цел да им помогне на младинските работници, наставниците и младинските лидери во нивната работа со младите луѓе кога обработуваат теми за разбирање и практикување на интеркултурно учење и дијалог, како алатки кои резултираат во мир и помирување во Западен Балкан 6.

***Од што се состои овој прирачник?***

Прирачникот се состои од 3 главни делови.

Првиот дел е резиме на главните елементи на интеркултурното учење, мирот и помирувањето, со цел подобро разбирање на темите.

Во вториот дел се претставува улогата на младите во интеркултурниот дијалог и зошто нивната улога е од клучно значење за подобар регион. Младите луѓе имаат инспирација, идеи, позитивна енергија, способности и моќ да постигнат добри промени.

Во последниот дел од прирачникот се претставени конкретни методи, алатки и совети за користење на методите на неформално образование при практикување на интеркултурното учење и дијалог при работа со младите. Претставени се практични алатки и совети како да се користат овие едукативни методи во младинската работа, како и многу корисни активности кои може да се имплементираат при работа со младите во училиштата, на универзитетите, со младински групи, на летни школи, екскурзии, на пикнинзи, на младински размени, семинари, мобилности исл. Конкретните работилници беа развиени од едукаторите и учесниците на обуката за градење на капацитети која се одржа во февруари 2020 година во Тирана, Албанија.

***Зошто темата - интеркултурно учење во Западен Балкан 6?***

Минатото и сегашната историја на Балканот, кои влијаат врз животот на секој од нас, покажаа дека треба да се сменат перцепциите и ставовите на младите кон нашите соседи со употреба на интерактивен пристап и поддршка на мобилноста на младите. Стереотипите и предрасудите водат кон дискриминација и омраза, а младите треба да имаат можност да ги препознаат и да најдат начини да ги надминат. Преку разбирање и практикување на интеркултурно учење и интеркултурен дијалог, младите стануваат повеќе свесни за сличностите меѓу нас, развиваат почит кон разликите и истите не ги гледаат како закана. Напротив, разликите ги мотивираат младите кон подобро разбирање на својот идентитет и култура и тие стануваат поотворени за истражување, препознавање и прифаќање на различни култури.

Интеркултурното учење ги води младите луѓе кон мир и помирување. Овие концепти се привлечни и практични, се дел од секојдневното живеење, лесно се разбираат и практикуваат доколку го зголемите разбирањето и свеста кај младите.




***Резиме на проектот "Моќта на Дијалогот"***

Преку проектот "Моќта на Дијалогот" се промовираше интеркултурното учење и дијалог помеѓу младите, наставниците и младинските работници од Западен Балкан. Проектот овозможи градење на капацитети, и градење на оддржливи партнерства помеѓу младински организации и средни училишта од Западен Балкан.

Проектот комбинираше регионални и локални активности имплементирани во Албанија, Косово, Северна Македонија и Србија кои придонесоа кон остварување на целите на проектот.

Целна група на проектот беа наставниците, младинските работници и младите со помалку можности како и генерално млади и ученици од средните училишта.

Проектот се имплементираше од 4 граѓански организации од Западен Балкан, а во партнерство со 12 средни училишта и 2 универзитети. Проектот беше финансиран од страна на Регионалната канцеларија за соработка со млади (РИКО).

## Главните активности на проектот се фокусираа на:

Имплементација на тренинг обука за 27 младински работници и наставници на тема интеркултурно учење и дијалог, алатки за применување на интеркултурен дијалог помеѓу млади. За време на обуката беа креирани нови алатки и методи за применување на интеркултурен дијалог. Овие идеи се сумирани во овој Прирачник кој е достапен на англиски, албански, македонски и српски;

Локално: 12 локални работилници имплементирани во средните училишта со ученици и млади со помали можности од Албанија, Косово, Северна Македонија и Србија;

Младинска размена за 32 ученици и млади од социјално загрозени групи за практикување на интеркултурно учење и стекнување со интеркултурни вештини. На размената исто така се креираше и календар со фотографии и пораки; видео со позитивни пораки кои промовираат културно разбирање, разновидност и толеранција;

Кампања на социјалните медиуми за дисеминација на креираниот календар и споделување на лични приказни на млади со нивните врсници.

Skopje, North Macedonia



"Alone we can do so little; together we can do so much."

Helen Keller



# Разбирање на интеркултурното учење и дијалог

## 1.1. Клучни аспекти / концепти



Интеркултурно учење е процес на стекнување со знаења и вештини кои ја поддржуваат можноста на учениците да ја разберат културата и да комуницираат со луѓе од култури различни на нивните.




По дефиниција, тоа е процес на запознавање и подобро разбирање на сопствената култура и другите култури ширум светот. Целта на интеркултурното учење е да се зголеми меѓународната и меѓукултурната толеранција и разбирање, да се промовира мирот и соработката помеѓу луѓето со различно потекло.



Само во случај кога некој го разбира интеркултурното учење, присуството на интеркултурен дијалог е возможно. Од друга страна присуството на интеркултурниот дијалог е клучно за спречување и прекинување на конфликтите. Интеркултурниот дијалог промовира помирување и соработка.

# #Култура

Неразделив дел од интеркултурното учење е разбирање на концептот култура, како и начинот на кој културата ги обликува поединците и заедниците.

Многумина од нас би се запрашале што е тоа култура? Дали е начин на живеење? Збир на социјални практики? Систем на верувања. Заедничка историја или збир на искуства? Културата може да биде синоним за една земја, или регион, или националност или пак да премине неколку земји или региони. Културата може да се набљудува од микро перспектива, од индивидуална перспектива или од перспектива на еден ориентиран процес.

Постојат многу дефиниции за култура, но генерално сите тие имаат заеднички став дека културата е систем на вредности и норми што им се заеднички на група луѓе и кога се земени заедно таа претставува стил на живеење каде вредностите се апстрактни идеи за тоа што групите сметаат дека е добро или исправно, лошо или погрешно и каде што нормите се социјалните правила и упатства кои пропишуваат соодветно однесување во одредени ситуации.

Во 2002, УНЕСКО ја дефинира културата како „збир на карактеристични духовни, материјални, интелектуални и емоционални одлики на општеството или на социјалната група и дека истата ги опфаќа, покрај уметноста и литературата, и начинот на живот, начините на живеење заедно, системот на вредностите, традициите и верувањата".

Имајќи предвид дека интеркултурното учење е процес на разбирање на културата, тогаш треба да се заклучи дека најпрвин мора да се знае сопствената култура, со цел да се разбере, почитува и прифати туѓа / друга култура.

Па од тука, како да ја разбереме сопствената култура?

Одговорите кои ќе ги дадете на прашањата во продолжение ќе ви помогнат подобро да ја разберете сопствената култура. Исто така може да си креирате и еден интересен креативен цвет. Притоа во секое ливче од цветот да додадете информации за вас лично. Сликата подоле предлага да дадете информација лично за: вашите ставови (почнувајќи од зеленото ливче), вашите

**- What is defined as 'good' and 'bad' in your community?**

**- How are families structured?**

**- What is the relationship between men and women?**

**-How is time perceived?**

**- Which traditions are important?**

**- What languages are spoken?**

**- What rules govern the consumption of food and drink?**

верувања, јазик, обичаи и традиција, ритуали, однесувања, религија, храна, ставови кон уметноста, музиката, драмата, исл. Овие одговори ќе ви дадат јасна слика за вашата лична култура.



Честопати, многу дефиниции зборуваат за културата гледајќи ја како една санта мраз составена од надворешна и внатрешна култура. Надворешната култура е врвот на сантата мраз или она што е видливо, или информации што можеме да ги добиеме од интернет, преку филмови или кратко патување во странство. Но, голем дел од сантата е под површината, тоа е внатрешната култура. Таа опфаќа вредности, верувања и мисли кои влијаат на нашите однесувања.

Ако се замислиме дека сме на еден мал брод што се приближува кон ледената санта и сме свесни само за надворешната култура, тогаш ризикуваме да се судриме. Доколку ја разбираме и внатрешната култура, тогаш можеме да се снајдеме и да избегнеме недоразбирања и конфликти. Ако сме љубопитни и активно учествуваме во дијалогот, ќе започнеме да добиваме подобар преглед на остатокот од ледената санта. Затоа многу е важно да не се набљудуваат само различните култури, етникуми, националности и родови, туку и активно да се вклучат во дијалог. Ние не можеме вистински да разбереме друга култура без да комуницираме со неа.

Како гледате кон одредена култура зависи од вашата културна перспектива, а како други гледаат кон вас зависи од нивната. Што се случува кога зборувате, дали луѓето од другите култури ве разбираат на начинот на кој вие сакате? Најлесен начин да разберете некого е да разговарате со нив, да ги разберете нивните потреби, нивната перспектива и нивната мисла. Со комуникација и слушање на оние од различни култури, ги пополнуваме овие недостатоци. Почнуваме да ја гледаме целосната слика што ни овозможува соодветно да ги прилагодиме нашите сфаќања и дејства.

Да сумираме: Култура е се она што не обликува; што ни го обликува нашиот идентитет, и влијае на нашето однесување. Култура е наш „начин на постоење“.

# #Идентитет

Идентитетот може да се дефинира како одговор на прашањето кои сме ние во суштина, начинот на кој размислуваме за себе, начинот на кој го гледаме светот и карактеристиките што нè дефинираат како индивидуалци.

И, кога ќе погледнеме кои сме, можеме да препознаеме два идентитета. Од една страна е нашиот личен идентитет кој се однесува на нас самите. Од друга страна, ни се јавува социјалниот идентитет кој се однесува на една социјална група или повеќе групи. Од тука, идентитетот е нешто што се развива, и е секојдневно „во изградба“. Дел од идентитетот го добиваме со раѓање, а делови постојано се менуваат и тоа преку нашата секојдневна интеракција со општеството, различните групи околу нас, семејството. Исто така, во зависност од контекстот во кој се наоѓаме - го формираме нашиот идентитет, на пример, на прашањето кој е вашиот идентитет, ќе се стремите првин да го идентификувате својот пол, доколку сте во просторија полна со претставници на спротивениот пол, или ќе спомнете етничка припадност ако вие сте во мултиетничка средина.

Зошто е важно да го знаете сопствениот идентитет во контекст на интеркултурното учење? Бидејќи процесите на интеркултурно учење им помагаат на учесниците да го разберат влијанието на нивната култура врз нивниот развој на идентитетот, врз нивниот меѓучовечки и интеркултурен однос. Исто така, разбирањето не промовира став дека нивната култура е најдобра, туку овозможува простор за истражување на разликите и сличностите, разбирање и прифаќање на разновидни култури.

Интеркултурното учење ги насочува младите луѓе да ги прилагодат своите погледи кон различните културни групи и кон поединците кои припаѓаат на културните групи, активно да ги слушаат и разбираат другите, со цел да им понудат простор слободно да го манифестираат својот културен идентитет. Во овој процес, тие учат да се воздржат од етикетирање на луѓето, од ставање во категории што се веќе создадени пред вистинската средба.

Затоа, важно е да им се даде простор на младите луѓе најпрвин да ги истражат сопствените идентитети и да се разберат себеси, а потоа да научат да ги разбираат другите култури и другите идентитети.

# #Културна разновидност

Културната разновидност е важна затоа што нашите земји, работните места и училиштата се простор кој го делиме со различни културни, расни и етнички групи. Можеме да учиме едни од други, но прво мора да имаме ниво на разбирање едни за други со цел да ја олесниме меѓусебната соработка. Учењето за другите култури ни помага да разбереме различни перспективи во светот во кој живееме и помага да ги растераме негативните стереотипи и личните предрасуди за различни групи.

Покрај тоа, културната разновидност ни помага да ги препознаеме и почитуваме „начините на постоење“ кои не се нужно наши, така што, како што можеме да оствариме комуникација со нашата култура, ќе можеме да изградиме мостови за доверба, почитување и разбирање помеѓу различните култури. Покрај тоа, оваа разновидност ги прави нашите заедници поинтересно место за живеење, бидејќи луѓето од различни култури придонесуваат со јазични вештини, нови начини на размислување, ново знаење и различни искуства.

Културната разновидност ја поддржува идејата дека секоја личност може да даде единствен и позитивен придонес кон едно побогато општество и тоа токму поради својата уникатна различност.

Замислете место каде различностите се препознаваат и почитуваат; различните културни идеи се признаваат и вреднуваат; се поттикнуваат и мотивираат сите групи да придонесат кон побогато општество; луѓето се во можност да го постигнат својот целосен потенцијал; и различностите се слават.







# #Стереотипи, предрасуди и дискриминација

Интеркултурното учење има за цел да ги подготви и збогати младите луѓе со алатки за идентификување на стереотипите и предрасудите, како во сопственото така и во однесувањето на другите луѓе, да разберат како тие функционираат и да преземат свесни чекори кон нивно надминување.

Како може да ги дефинираме стереотипите и предрасудите?

Стереотипите се генерализирани, прекумерно поедноставени или претерани верувања за група луѓе. Стереотипот е „слика во нашиот ум“, што одредува какви верувања ќе имаме кон некоја личност, само затоа што таа личност припаѓа на одредена група.

Предрасуда е да му судиш на некого без да го познаваш, врз основа на тоа како изгледа. Предрасудите се негативни ставови на отфрлање кон членовите на групата, засновани на едноставниот факт дека ги гледаме како припадници на таа група. Може да се предрасуди против некого засновано врз карактеристики како што се расата, полот, способноста, етничката припадност, националноста, религијата, возраста, социјалниот статус, сексуалната ориентација, итн.

Стереотипите и предрасудите одат заедно рака под рака. Резултатот од нив често доведува до дискриминација. Ако ги гледаме стереотипите како когнитивни структури и предрасудите како ставови засновани врз вредносни пресуди, дискриминацијата се однесува на однесувањето. Тоа е неправедно однесување кон членовите на групата, засновано на предрасудите што постојат кон таа група.

Дискриминацијата е чин на правење неповолна разлика кон одредена личност врз основа на групата, класата или категоријата на којашто се смета дека таа личност припаѓа.

Знаејќи го сето ова, интеркултурното учење ги предизвикува стереотипите и предрасудите и ја отфрла дискриминација од кој било вид. Интеркултурното учење обезбедува простор, можности и средства да научиме за другите и да донесеме заклучок дека предрасудите , стереотипите и дискриминацијата не се во ред и ние ги надминуваме со промена на нашите перцепции и однесувања.

Многу методи, активности и работилници им овозможуваат простор на младите луѓе да се борат против предрасудите и стереотипите и да најдат начини како истите да ги надминат.



# #Интеркултурни компетенции

Преку учество во различни активности кои го промовираат интеркултурниот процес на учење се развиваат одредени интеркултурни компетенции (вештини, знаења). Интеркултурна компетенција е способност да се комуницира и да се однесува на соодветен начин со оние кои се културно различни, како и да се ко-создаваат заеднички простори, тимови и организации кои се инклузивни, ефективни, иновативни и задоволувачки.

Преку учество на различни интеркултурни едукативни активности како на пример младински размени и мобилности, може да се развијат интеркултурни знаења, компетенции и однесување:

**знаење за културата, политиката и историјата;**

**знаење за човекови права;**

**знаење за стереотипите, предрасудите и дискриминацијата;**

**знање за културните различности;**

**почит кон себе и кон другите;**

**чувство за социјална правда и одговорност;**

**отворен ум кон различности;**

**толеранција и потчит кон различности;**

**активно слушање;**

**тимски способности;**

**критично размислување;**

**меѓукултурна емпатија;**

**солидарност;**

**справување со конфликти и недоразбирања.**

# 1.2 Какви резултати дава интеркултурното учење?

## #Активно младинско учество

Активно младинско учество постои кога младите се ангажирани или се подготвени да се вклучат во донесувањето на одлуки, како и да имаат свој граѓански ангажман. Младите се оспособуваат да играат важна улога во сопствениот развој, како и во развојот на нивните заедници. Преку активно младинско учество младите имаа можност да научат витални животни вештини, да развиваат знаења за човекови права и граѓанство и да промовираат позитивно граѓанско дејствување.

Интеркултурното учење поттикнува и води кон активно учество на младите во општеството. Преку интеркултурни активности и процеси на учење, младите луѓе се стекнуваат со различни вештини, развиваат разбирање на различни теми и се овластени да ја разберат нивната важна улога во општеството и да преземат активна улога во општеството. Тие се мотивирани да учествуваат и да донесуваат одлуки. Како резултат на процесите и активностите на интеркултурно учење, можеме да ги оспособиме младите луѓе со вештини потребни за да преземат водечка улога во општеството и да постигнат промени.

## #Мир

Мирот е во наши раце!

Постојат многу значења поврзани со мирот, главно поврзани со решавање на конфликтите без насилство и страв. Мирот има различно значење за различни групи, за различни региони, за различни возрасти. Во нашиот регионален контекст мир може да се однесува на способноста да се одржуваат пријателски односи, да се живее во хармонија, да се забележуваме преку призмата на разбирање и љубов, да ги почитуваме човековите права, да се стремиме кон заедничка иднина, да практикуваме внатрешен мир, да градиме помирување и солидарност и многу повеќе. На овој начин ние промовираме мировно образование. Според ОН, мировно образование: е процес на стекнување на вредности, знаења и развивање на ставови, вештини и однесување кај луѓето со цел да живеат во хармонија со себе, со другите, и со природната средина.

## #Помирување

Помирувањето претставува формирање на мирни односи помеѓу општествата и бара промена на социјалниот и психолошкиот ум на членовите на групите во тие општества, промени во мотивациите, целите, верувањата, ставовите и емоциите од страна на мнозинството членови на општеството

Marrow (1999) реферираат на помирувањето како повторно воспоставување на пријателството што може да инспирира доволна доверба во традиционалното разделување.



# 1.3. Како да постигнеме и практикуваме интеркултурно



## #Младински размени и мобилност

Еден инструмент за постигнување и практикување на интеркултурно учење е да се обезбеди простор за луѓето од различни култури и со различни културни позадини да се соберат и да учат едни од други. За младите, ова може да се направи преку организација на младински размени и разновидна мобилност, работилници и сл.

Младинските размени им овозможуваат на групи млади од различни земји да се сретнат, да живеат заедно и да работат на заедничка активност во краток временски период (генерално 1 недела). Младинските размени им овозможуваат на младите од различно потекло, различна култура, религија, традиција, различни социјални и политички погледи на едно место простор практично да живеат заедно, а притоа тоа им е можност за практикување на компетенции за интеркултурно учење. На ваков начин, тие имаат можности да научат да толерираат и почитуваат различности, да ги разберат и истите да ги прифатат како една позитивна и добра работа. Младинските размени се одвиваат обично надвор од училишната средина. На нив, младите луѓе имаат можност да научат различни теми, преку неформални методи на учење, активности, како што се работилници, вежби, дебати, драматизации, отворен активности итн.



# #Регионална соработка

Интернационализацијата и глобализацијата станаа составен дел од нашето општество и продолжуваат да се зголемуваат по важност.  Нашиот контакт со луѓе од различни култури без разлика дали е на работното место, образовните институции или во нашиот секојдневен живот, рапидно се зголемува.  За многумина, меѓународната соработка поврзана со работата дома или во странство стана секојдневие.  Меѓународните медиуми покриваат настани во светот и лесно пристапуваат до географски и културно оддалечени земји.  На глобално ниво, повеќе од јасно е дека сите сме различни.

Но, на регионално ниво, кога гледате региони во светот, дали може да заклучите дека во еден регион луѓето се доста слични? Но, и покрај тоа што сите сме сè повеќе меѓусебно поврзани, сепак сме културно различни. Имаме различни култури и користиме различни јазици. Да го земеме за пример Западен Балкан 6. И покрај тоа што сите споделуваме многу нешта заеднички, нашите култури се различни. Меѓукултурното учење што води кон запознавање на другите култури и вештини да соработуваме и да работиме со друга култура, доведува до подобра регионална соработка, а со тоа води кон подобра меѓународна соработка. Назад во Западен Балкан 6, имаме толку многу заеднички работи, но сепак има многу предрасуди и стереотипи, ние сме толку блиски, но толку далеку во исто време. Меѓукултурното учење како такво може да доведе до сопирање на предрасудите и стереотипите, да се стави крај на омразата, да се стави крај на дискриминацијата и да се изгради подобар регион што може да се справи и да се интегрира во глобалниот свет.



Sarajevo, Bosnia and Herzegovina



“You never really know a man until you understand things from his point of view, until you climb into his skin and walk around in it."

Harper  Lee

# Зошто интеркултурното учење и дијалог се важни за Западен Балкан 6 и која е улогата на младите?



## Зошто е важно?

‘Ние сме суперхерои, никој од нас индивидуално, туку сите ние заедно’ – Хенк Грин

Балканот е простор богат со различни култури, а интеркултурниот дијалог е алатка која ни овозможува да соработуваме. Резултатите од Галуп Балкан Монитор покажаа дека помеѓу 80-90% од луѓето во Западен Балкан сметаат дека е потребно слободно движење на луѓе и поголема соработка за понатамошен мир и развој на регионот. Покрај тоа, помеѓу 40-60% сакаат посилни врски помеѓу луѓето од регионот. И покрај ваквите резултати, луѓето исто така посочуваат дека се чувствуваат се повеќе и повеќе отуѓени едни од други и се помалку слични. Конфликтите во минатото креираа резервираност и лажни верувања за другите култури и етникуми. Дури и кога се работи за повеќе политички случувања, тие влијаат врз перцепциите на луѓето, а оттука и на меѓукултурните односи. Кога имаме резервираност за другите тоа не спречува да најдеме нови можности, пријателства, партнерства и да работиме заедно за подобра иднина.

Се покажа во пракса дека културната разновидност ги зголемува способностите за решавање проблеми, остава простор за поголема креативност и создавање на иновации. Имајќи го ова во предвид, добиваме мотивација за културна разноликост, а како единствениот предизвик се јавува можноста да се обезбеди луѓето да имаат способност да комуницираат добро меѓусебе. Практикувајќи интеркултурен дијалог, започнуваме да градиме мостови, да работиме заедно и да ги разбереме меѓусебните идеи и перспективи што на крајот можат да нè натераат да се чувствуваме повеќе поврзани.

Меѓукултурниот дијалог, меѓу другото, е и пат кон мирот. Најважниот предизвик во општеството е луѓето со различно потекло да живеат заедно во хармонија. За да се изгради еден хармоничен регион, мора да живееме заедно со нашите разлики, а за да го сториме тоа мора да научиме да одиме во чевлите на другите, да ги гледаме другите преку нивните очи.

Преку вклучување во еден искрен дијалог а притоа имајќи еден љубопитен ум, ние можеме да научиме едни од други, можеме да ги намалиме идните тензии и на крајот да создадеме еден емпатичен и мирен свет.

"Не го познаваш човекот се додека не ги погледнеш работите од негова перспектива, се додека не влезеш во негова кожа и не шеташ наоколку како него" – Харпер Ли, Како да ја убиеш птицата исмејувач.

Преку интеркултурно учење, придобивките за Западен Балкан 6 би можеле да бидат огромни. Тоа може да придонесе кон:

избегнување на мргинализација на граѓани,

разбирање и можност да научиме од оние кои не го гледаат светот на ист начин како ние,

само-откривање и развој,

нови можности и пријателства,

можност да се идентификуваат сличности и разлики во културите,

можност да се избегнат конфликти и да се разбере дека споровите не се решаваат со насилство,

можност да се промовира социјална кохезија,

тоа ги зближува луѓето,

поттикнува мир и помирување.




# 2.2. Која е улогата на младите?

Прво и најважно, младите мора активно да учествуваат во интеркултурниот дијалог. Од претходниот дел свативме „што и зошто", но што е со „каде и како"? Некој дијалог може да се случи сосема случајно и природно, притоа ваквиот дијалог е лесен, опуштен и може да се случи без процес на размислување. Меѓутоа, дијалогот помеѓу оние кои имаат најразлични гледишта се покажува како еден од најтешките за воспоставување, но е и најкритичен.

Дијалог треба да се случи на мирно и безбедно место, каде секој кој учествува се чувствува удобно, каде секој може да каже отворено што размислува, но исто така и слободно да си замине доколку тоа е потребно. Важно е ова да важи за двете страни инволвирани, бидејќи дијалог не е дијалог ако не се заснова на принципот на еднаквост.

Па од тука, како младите може да се вклучат во ваков дијалог? Што можат младите да направат за да постигнат интеркултурен дијалог и да искусат интеркултурно учење? Дали се работи за едноставен процес или процесот бара време?



# Во продолжение некои препораки за младите кои сакаат да бидат ангажирани и вклучени:

Најдете заедничка основа. Може да звучи изненадувачки, меѓутоа дури и со толку многу различни луѓе низ целиот свет, секогаш можеме да најдеме сличности. Секој има свое хоби, стравови, желби и соништа. Пред да се приближиме кон нашите разлики, прво е важно да се утврди она што нè поврзува. Можеме да се искористат други форми како што се музика, спорт, графити или концерти;

Бидете љубопитни и слушајте. Најважната алатка за разбирање и учење е љубопитноста. Слушајте ги внимателно другите; научете, раснете и проширете го вашиот ум. Разгледајте ги информациите со цел да ги разбере а не само колку да дадете одговор;

Бидете отворени и емпатични. Вообичаено да се слушнат идеи и верувања кои се во судир со вашите. Меѓутоа, слушајќи ги другите и гледајќи ја нивната перспектива, ние не ги минимизираме сопствените идеали, туку напротив го проширувараме нашиот капацитет за емпатија и симпатии;

Обидете се да идентификувате каде вашата култура го обликувала вашето мислење, важно е да ја запознаете сопствената култура и да увидите како таа ги обликувала вашите идеи. Преку интеракција со друга култура, имате можност да ја искусите својата култура во очите на друга и да размислите за ефектот што таа го има врз нашите идеали. Важно е да се напомене дека со идентификување на вашата култура не се обидувате да ја промените, едноставно станувате свесни за нејзиното постоење;

Запомнете дека дијалогот е процес и не се заснова на нето резултат.  Не форсирајте резултати.  Овозможете муабетот да се појави природно и да видите што ќе се случува со време;

Движете се помеѓу други култури, патувајте во странство во секоја прилика, истражувајте;

Разговарајте со пријателите, со семејството, соседите за различноста, прифаќањето, толеранцијата, споделете со нив што сте научиле и како се смениле вашите сфаќања по одредено искуство;

Учествувајте на младински размени, запознавајте луѓе, креирајте нови пријателства;

Истражувајте, препознавајте, запознајте ги своите предрасуди и потрудете се да ги редуцирате преку читање на факти, податоци и средби со лица;

Интеркултурниот дијалог е исто така патување за само-откривање. Ако вашиот начин на размислување никогаш не е во судир со околината, не мора да се прилагодувате. Ако никогаш не ја напуштите зоната на удобност, како можете да научите? Со тоа што учиме за другите, започнуваме да ги гледаме обликувањата што нашата култура ги направи за нас. Почнуваме да ја идентификуваме културата што можеби ги има формирано нашите сопствени верувања и вредности. Ова доведува до развој на самосвесност и ни овозможува да се развиваме;

Размислувајте критички;

Бидете претпазливи со лажните вести и социјалните медиуми кои често шират омраза и поделби помеѓу општествата;

Волонтирајте во својата локална заедница, волонтирајте во соседството, волонтирајте во регионот и надвор од него. Ќе ви помогне да го исполните срцето со разбирање, да развиете вештини, да го подобрите животот во локалната заедница и вашиот живот како и да запознаете пријатели засекогаш;

Верувајте во себе.





Младинските размени и мобилности овозможуваат можност да се искусат некои од овиде наведени придобивки.

‘Младите луѓе можат да играат клучна улога во унапредувањето на интеркултурниот дијалог и меѓукултурното разбирање и тие можат да помогнат во обликувањето на социјалниот, економскиот, политичкиот и културниот живот на нивните заедници и нивните земји“ - Обединети нации

Сите ние сме водачи и сите имаме сфери на влијание. Дали во училиштата, црквите, џамиите, заедниците или другите организации. Младите се следната генерација креатори на промени. Разговарајќи со други млади со различно потекло, религии и култури, ние имаме можност да ги увидиме работите што ја формираат нивната перспектива и сме мотивирани да преземеме активности во нивно име, а и тие во наше.

Сите ние имаме можност да се залагаме за други групи, религии, етникуми и култури. Можеме да го сториме тоа охрабрувајќи ги другите да учествуваат во искуства за интеркултурно учење и да го споделуваат она што го научиле за да можат и другите да ги искористат придобивките.

Вие (ти) имате моќ да влијаете врз наставниците, родителите и врсниците, да помогнете во разградување на негативните наративи од минатото и создавање на повеќе поврзано општество, и на крајот, помирен свет.

Меѓусебната доверба и почитта меѓу нашите општества ќе го поставаат гласот на мирот за иднината.

Belgrade, Serbia




"Reconciliation is
more beautiful
than victory."
Violeta Chamorro

Pristina, Kosovo



"Young people can play a crucial role in advancing intercultural dialogue and cross-cultural understanding and they can help shape the social, economic, political and cultural life of their communities and their countries."
United Nations



# Неформални методи / алатки за практикување и стекнување на интеркултурни компетенции и учење за мир

Во следниот дел ќе презентираме 12 работилници / методи што беа предложени од учесниците и тимот на обучувачи и фасилитатори на обуката за градење на капацитети што се одржа во Тирана. Секоја работилница обезбедува информации за тоа кои се целите на работилницата и кои компетенции ќе ги развивате преку неа, која е целната група и колку учесници можат да учествуваат во неа.

Исто така, даден е и детален опис на работилницата и предложени се прашања за дискусија како дел од работилницата. Наставникот или младинскиот работник можат слободно доколку тоа им одговара и да ја модифицираат работилницата во контекст на групата на која се обраќаат.

Дел од овие работилници, беа имплементирани и тестирани како последователни активности во училишта во Албанија, Македонија, Србија и Косово. Тие се покажаа како интересни за студентите и учениците, поттикнаа дискусија и ги мотивираа младите да зборуваат, размислуваат и донесат заклучоци.

Podgorica, Montenegro



“Not one of us can rest, be happy, be at home, be at peace with ourselves, until we end hatred and division."

John Lewis

# МОЖЕШ ЛИ ДА МЕ ДЕФИНИРАШ?



**Развиени вештини:**

Знаење за Идентитет, Култура, Предрасуди и Стереотипи

**Големина на група:**

8-20 учесници, возраст 14-20

**Потребно време:** 1 час мак.

**Цели:**

да се развијат знаења за идентитет, култура, предрасуди и стереотипи.

да им се овозможи можност на учесниците да развијат основни знаења на наведените теми.

**Подготовка и потребни матерјали:**

10 зборови напишани на хартија: стереотипи, предрасуди, толеранција, почитување, идентитет, култура, интеркултурно, сексизам, националност, расизам.

Напишете ги дефинициите за овие 10 зборови на хартија x 2 (во два примерока)

2 тениски топчиња

Селотејп

**Инструкции за обучувачот:**

Поставете ги овие 10 зборови на зидот од вашата работна соба, притоа водете сметка да неможе да се види за кој збор станува збор.

Поделете ги учесниците во 2 тима. Секој од тимовите треба да добие листа на дефиниции кои претходно сте ги подготвиле. Секој тим има 5 минути да одлучи што претставува секоја дефиниција. Тогаш повикајте ги дватта тима да дојдат пред зидот каде се ставени зборовите. Секој тим добива топка, и има задача да ја фрли топката кон еден лист хартија. Листот кој е погоден, земете го и прочитајте го зборот кој е напишан. Тимот мора набрзина да ја даде точната дефиниција. Доколку тимот даде грешен одговор, другиот тим има можност да одговори. За секој точен одговор тимовите добиваат еден поен. Тимовите се менуваат се до завршување на зборовите.

Тимот со најмногу точни одговори е победник во играта.

По завршување на играта, развијте дискусија со групата. Како за крај дадете заклучок.

**Примери за прашања за дискусија:**

Дали во реалниот живот имате доживеано некој од овие зборови / искусено врз себе?

Што претставува за вас вашиот идентитет, култура, Како би дефинирале вие идентитет, како би дефинирале култура?

Кои сте вие на социјалните медиуми? Дали вашиот профил на социјалните медиуми е слика за вашиот идентитет?

Дали може да ни кажете некои предрасуди или стереотипи кои ги знаете за одредена група на луѓе? Дали е во ред да им судиме на луѓето и зошто е во / не е во ред?

# КОЈ СУМ ЈАС?

**Развиени вештини:**

Само-рефлексија

**Големина на група**: Одговара за секоја група

**Потребно време:** 40 минути

**Цели:**

1. Овозможување на простор на младите да размислуваат и откријат работи за себе и својата култура

**Подготовка и потребни матерјали:**

Пенкала и А4 листови, релаксирачка музика

**UdhëzИнструкции за обучувачот:ime:**

Пуштете ја музиката, замолете ја групата за тишина и нека сите седнат во круг. Учесниците треба да ги напишат на лист одговорите на прашањата што ќе ги поставите како обучувач по редослед како што следат:

Кој сум јас?

Што би рекле моите родители за мене?

Што би рекле моите пријатели за мене?

Што би рекле моите непријатели за мене?

Оставете 3 до 5 минути после секое прашање за да можат учесниците да одговорат и да ги запишат своите одговори.

Оставете две минути за индивидуална рефлекција по завршување на прашањата.

Примери за прашања за дискусија

Прашајте кој би сакал да ги сподели со групата своите одговори и рефлексии.

Како се чувствувавте за време на оваа вежба?

Дали помисливте или откривте нешто ново за себе, нешто што не сте го помислиле претходно за себе?



# ВРЕДНОСТИ И ИДЕНТИТЕТ

**Развиени вештини:**

Лични вредности

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 50 минути

**Цели:**

1. Да се разговара за важноста на нашите вредности и вредностите кои другите ги имаат

2. Да се разбере како другите може да не обликуваат

**Подготовка и потребни матерјали:**

Пенкала и А4 листови

**Инструкции за обучувачот:**

Побарајте од учесниците да напишат на лист 9 основни вредности кои сметаат дека ги поседуваат и кои се важни за нив – 5 – 7 минути

Замолете ги учесниците да направат парови, да го сменат својот лист со својот партнер, и побарајте од нив да избришат 2 од тие вредности на листот на нивниот партнер / односно од листот кој тие го добиле во раце

Замолете ги учесниците сега да си го земат назад својот лист со сега избришаните вредности и да рефлектираат отворено како се чуствуваат без тие две вредности кои партнерот им ги избришал?

Сега замолете ги учесниците да избришат уште две вредности од својот лист?

Поделете ги учесниците во помали групи. Во помалите групи учесниците треба да поразговараат на следните прашања:

Што е тоа што може да се научи од оваа вежба?

Како се чувствувавте кога ги набројавте вашите девет клучни вредности?

Како се чувствувавте кога требаше да избришете две од нив? Зошто ги избравте тие две?

Како се чувствувавте кога пријателот ви избриша две од вашите вредности?

Како се чувствувате кога вие требаше некому да избришете вредности? Зошто ги избришавте токму тие вредности?

Како се чувствувате сега кога сте без 4 вредности на својот лист?

Примери за прашања за дискусија:

Со целата група:

Нашите вредности се всушност кои сме ние, тие се најдобриот дел од нас, тие се нашите силни страни. Сепак, ние и нашите вредности сме секојдневно под влијание на другите луѓе со кои комуницираме, било да е тоа од политика, медиуми, во едукативниот сектор, родители, пријатели и сл., и ова е особено зајакнато во млада возраст;

Да речеме дека секојдневно политиката, пропагандата и медиумите нè хранат со информации (вистинити или лажни) кои го зголемуваат нивото на предрасуди и омраза меѓу земјите. Ајде да размислиме како се одвива овој процес во нашата локална реалност и како влијае сето ова врз младинската соработка на Балканот? Колку влијаат врз нас „другите“ и колку влијание тие имаат и не „преобликуваат“?

# ДРУГИТЕ

**Развиени вештини:**

Почитување на разлики, Свесност за различни култури, Предрасуди и стереотипи

**Големина на група:** 15

**Потребно време:** 1 час мак.

**Цели:**

1. Истражување на различни култури;

2. Да се препознаат разликите и сличностите меѓу културите;

3. Да се разговара за предрасудите и стереотипите.

**Подготовка и потребни матерјали:**

Флипчарт хартија, А4 хартија, маркери , слики од списанија за различни култури

**Инструкции за обучувачот:**

Како обучувач изберете 2 различни култури во зависнот од групата со која ќе ја работите вежбата. (на пример: доколку во групата имате Албанци и Италијанци, изберете албанска или италијанска култура). Учесниците треба да работат во национални тимови. Измешајте ги културите пример. дадете им на италијанците да ја истражуваат албанската култура, на албанците – италијанската. Доколку имате повеќе националности во групата може да ги напишете културите на ливче и да му дадете на секој тим да избере различна култура за истражување.

Секоја група треба да ги исполни следните задачи:

да напишат информации за културата што ја добиле, што знаат за неа и да дознаат некоја интересна традиција за другите;

да ги сумираат сите предрасуди и стереотипи што ги слушнале за другите и да ги запишат на флипчарт.

Тимовите имаат 30 минути да подготват постер со сите овие информации.

После завршување на задачата, секој тим го претставува својот постер. по завршување на претставувањето отворете дискусија.

**Примери за прашања за дискусија:**

Како се чувствувавте додека истражувате друга култура? Дали нешто ви претставуваше тешкотија да ја разберете различна традиција и што беше тоа?

Дали знаевте многу предрасуди и стереотипи? Дали ги гледате како вистинска работа? Дали е погрешно да се суди за луѓето засновани врз нивната националност?

Што најмногу ве изненади?

Дали другата културна група се чувствуваше пријатно додека ги слушаше сите предрасуди и стереотипи за својата земја? Дали се точни или не? Како се гледате себеси после оваа вежба?

# МЕМОРИЈА

**Развиени вештини:**

Учење на нови зборови (јазични вештини) и препознавање на разновидност

**Големина на група:** 15

**Потребно време:** 40 минути

**Цели:**

1. Да се истражува низ другите јазици;

2. Да се препознаат сличностите и разликите во јазиците;

3. Да се дискутираат раличностите

**Подготовка и потребни матерјали:**

Флипчарт хартија, А4 хартија, маркери

Потребно е обучувачот да подготви картички со еден збор на секој јазик од вклучените земји (на пр. Ако имате учесници од 4 земји, вие правите картичка со ист збор на 4 јазици).

Во контекст на Западен Балкан 6, можете да направите картичка за следниве зборови на 4 различни јазици (албански, српски, македонски и босански): здраво, пита, книга, мала, лево, кафе, игра итн.... Осигурајте се дека имате картички на сите јазици, и проверете дали имате мин. 5 збора за играње.

**Инструкции за обучувачот:**

Направете 5 тимови од по 3 ученика со различна националност. Секој тим ја игра играта индивидуално. Како обучувач, следете ја играта на секој тим за да ги забележите резултатите.

Поставете ги картичките на маса. Дајте му на секој тим 1 минута за да ја запаметат позицијата на картичките/зборовите. Побарајте од нив да ги поврзат зборовите со исто значење. Потоа, ставете ги зборовите со лицето надолу и оставете 3 минути за тимот да ја изигра едноставната игра за меморија. Погледнете дали ги поврзале зборовите правилно и дали ги запаметиле. Дајте му на секој тим резултат од 1 - 5 во согласност со точната врска и точната меморија.

Кога сите тимови ќе ја завршат играта, заедно со групата продискутирајте. За победникот можете да обезбедите слатка награда.

**Примери за прашања за дискусија:**

Дали ви беше тешко да ги поврзете зборовите и да препознаете кој збор значи што на различни јазици?

Дали сите ние имаме слични зборови кои ги користиме во нашите јазици?Дали е тешко да се разбереме меѓусебно?

Ајде да ги запишеме зборовите со исто значење во нашите јазици.

# МОЈОТ ИНТЕРКУЛТУРЕН ГРАД

**Развиени вештини:**

Знаења за Предрасуди и стереотипи, Разноликост, проблеми помеѓу малцинствата и мнозинствата во едно општество

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 45 минути

**Цели:**

1. Да се препознаат сопствените предрасуди и стереотипи,

2. Да се разговара за разновидноста во еден град и позицијата на малцинските групу наспроти позицијата на мнозинството во едно општество

**Подготовка и потребни матерјали:**

Филпчарт хартија, маркери во различни бои, може да додадете и слики од различни списанија со различни објекти (куќи, згради, луѓе, сообраќај).

**Инструкции за обучувачот:**

Поделете ја целата група во помали групи од макс. 5 учесници. За секој тим обезбедете флипчарт лист и овозможете простор да користи слики од различни списанија или маркери. Секој тим добива задача да го нацрта својот „замислен“ град. При цртањето имаат задача да размислат што да вклучат во градот, болници, пазари, игралишта, но исто така треба да имаат предвид културна разновидност. Што тоа значи? Секоја група треба да избере најмалку 5 различни култури за да ги вклучи во својот град и да одлучи каде и како ќе го стори тоа.

Екипите ќе треба да разговараат кој е мнозинството во нивниот град, кој е малцинството. Кој работи кои професии и зошто? Дали лекарот на пример ќе биде дама или ќе биде муслиман?

Дајте им 30 минути за работа во помали групи и за цртање на нивниот градски постер, а потоа поканете ги учесниците да ја презентираат својата работа пред сите. Отворете дискусија по завршување на презентациите.

**Примери за прашања за дискусија:**

Дали ви беше тешко да се одлучите што да содржи вашиот град? Какви институции да се вклучат?

Дали ви беше тешко да се одлучите кој е мнозинство, а кој е малцинство во вашиот град?

Како ги поделивте одговорностите и улогите во општеството? Зошто на пример, докторот е бела дама, зошто не е со темен тен?

Зошто не постои игралиште за пр. деца со посебни потреби? Дали имате предрасуди и стереотипи за да не ги вклучите? Не сте предвиделе бар за хомосексуалци? Или џамија? Или црква? Дали имате предрасуди кон различни групи на луѓе? Дали е ова правилно? Дали не се чувствувате во ред доколку овие групи на луѓе се околу вас?

Што можеме да додадеме на вашиот град сега, за да го направиме поразновиден? Со помалку предрасуди, повеќе повеќе мултикултурен и без дискриминација кон никого?

# ОПАСНОСТА НА ЗБОРОВИТЕ

**Развиени вештини:**

Комуникација и избегнување на недоразбирања

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 30 минути

**Цели:**

1. Да се разбере колку е битна комуникацијата

2. Да се прикаже колку е едноставно да се доживеат недоразбирања

**Подготовка и потребни матерјали:**

А4 листови, пенкала

**Инструкции за обучувачот:**

Замолете ја групата да седне во круг, на секој подадете му лист хатија, пуштете некоја тивка музика, замолете ги да ги затворат очите и да ги следат вашите инструкции. Она што вие го говорите тие треба да го имплементираат во пракса.

Започнете со инструкциите:

- Преклопете ја хартијата на средина
- Преклопете десно
- Подигнете го нагоре левиот агол горе на листот
- Преклопете на лево
- Подигнете го нагоре десниот агол доле на листот
- Преклопете го налево горениот дел од листот

Потоа, прашајте ги учесниците да ги отворат очите, да ги отворат своите трудови и да ги видат резултатите. Побарајте мислење за тоа каква е формата на хартијата што тие ја направиле (ако воопшто има некоја форма).

**Примери за прашања за дискусија:**

Најпрвин прашајте ги учесниците да ви даде повратна информации дали тие нешто научиле од оваа вежба. Премногу очигледно е дека сите форми добиени се различни, и изгледаат дури различно во вашите очи. И покрај тоа што упатствата беа исти во исто време, во исти услови, исто опкружување што сѐ уште го слушавме, разбравме сепак сите постапивме различно едни од други. Ова е нормално затоа што ги разбираме работите понекогаш поинаку. И на овој начин, исто така, се појавуваат недоразбирања. Замислете што ќе биде резултат на оваа вежба, во една нормална секојдневна средина со различни луѓе од различно потекло, различни култури, различни услови?

# КАДЕ ЗАПОЧНУВА НАСИЛСТВО ВО КОМУНИКАЦИЈАТА?

**Развиени вештини:**

Комуникација без насилство

**Големина на група**: Одговара за секоја група

**Потребно време:** 30 минути

**Цели:**

1. Да се развие разбирање за комуникација која осудува

2. Да се разговара за комуникација без насилство

**Подготовка и потребни матерјали:**

Флипчарт хартија, стикери, пенкала

**Упатства:**

Чекор 1 - Што е насилство? Учесниците треба да дадат свои одговори на прашањето што е насилство. Запишете ги нивните идеи и ставови на флипчарт хартија. Вообичаено, насилството преку комуникација се јавува како една точка во дискусијата.

Чекор 2: Набудувања. Побарајте од учесниците да ја разгледаат просторијата каде седат и да запишат 5 нешта на стикерите што ги опсервирале. Замолете 2-3 учесници волонтерски да споделат со групата што запишале. Потоа побарајте од учесниците да ги напишат своите забелешки за едно лице што седи во собата. Замолете повторно 1 или 2-ца да го споделат она што го запишале.

**Примери за прашања за дискусија:**

Претставете ја целта на работилницата

Набудувањето се чини дека е лесно кога станува збор за неживи предмети. Но, кога станува збор за луѓе, веднаш се воведуваат заклучоци, судења и пресуди и тоа на некој начин е дури ноирмално и секојдневно. Судењата ја прават нашата комуникација "насилна". Но, во реалноста и не е можно да не се донесе пресуда или заклучок! Затоа, најдоброто нешто што треба да се стремите да го практикувате е секогаш да дадете знаење дека искажаното е “Според мене...“, „Вака ве гледам... “... итн ...

Според вас, дали сметате дека можеме да ги намалиме заклучоците/пресудите кон нашите колеги, постари лица, помладите лица, блиски и драги лица?

# МОЕТО ИНТЕРКУЛТУРНО РАЗБИРАЊЕ

**Развиени вештини:**

Развивање на интеркултурни компетенции

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 40 минути

**Цели:**

1. Да се разберат вештините со кои ги стекнуваме преку интеркултурното учење

**Подготовка и потребни матерјали:**

Запишете или испринтајте во 3 копии, 10 основни вештини/разбирања кои се стекнуваат преку интеркултурното учење (Човекови права, Солидарност, Еднаквост, Инклузија, Комуникација, Почитување, Емпатија, Социјална правда, Разбирање наКултурна разновидност, Критичко размислување)

Најдете слики или фотографии кои најдобро се вклопуваат во овие 10 наведени вештини/разбирања и испринтајте по 3 копии за секоја вештина.

Направете три одделни пликоа, и во секој ставете ги сите 10 вештини / разбирања напишани како и ставете 10 слики кои одговараат за нив

**Инструкции за обучувачот:**

Поделете ја групата на 3 помали групи

Дајте едно плико на секоја група

Побарајте од секоја група да направи врска помеѓу зборовите и фотографиите и побарајте да размислат како ќе ги постават според важноста односно како би ги рангирале?

**Примери за прашања за дискусија:**

Секоја група презентира како ги поврзала зборовите со фотографиите. Притоа образложува зошто избрале така.

Датете образложение и заклучок, дека се работи за главните вештини и разбирања со кои се стекнуваме преку интеркултурното учење и дијалог. понекогаш е тешко да се направи остра разлика помеѓу нив, бидејќи тие сите се концертирани заедно и влијаат едни на други, а понекогаш и не можеме едноставно да кажеме која од нив е поважена и која помалку важена. Секоја од нив има битно значење во специфичен момент, време, состојба, околина итн.

# ПАЈАК

**Развиени вештини:**

Мирен начин на размислување

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 30 минути

**Цели:**

1. Да се поттикне позитивно размислување

**Подготовка и потребни матерјали:**

2 или 3 јажиња

**Инструкции за обучувачот:**

побарајте од учесниците да застанат во круг. Почнете ја играта со тоа што ќе го фатите јажето за вашиот прст, и потоа ќе го фрлите кон друг учесник, а притоа ќе треба да наведете 1 до 3 позитивни работи за таа личност на која го подавате јажето. личноста која го добила јажето, го намотува на прст и потоа го подава на следен учесник а притоа пак наведувајќи една до 3 позитивни карактеристики за тој учесник. Така јажето се подава до сите учесници во кругот. Секој од учесниците е битно да добие позитивен фидбек од страна на друг учесник.

Имајте на ум дека јажето секогаш мора да се подава на личност која не го добила претходно, а со цел да се избегне една личност два пати да го добие јажето, а друга да не го добие.

**Примери за прашања за дискусија:**

Како се чувствувате за времетраење на играта? Дали научивте нешто од неа?

Поттикнете дискусија: Како што може да забележите сите сме исповрзани како во една пајажина, а таа ја симболизира вашата младост и вашите врски кои ги градите секојдневно, мрежа што во нашиот случај е исполнета со мир, позитивни мисли, моќ, силина. Дали би можеле ваква мрежа да изградиме и во регионот?

Секој од нас поминува низ различни фази низ животот, патеки, предизвици, и среќа. Никогаш не знаеме низ што поминува другиот и многу е тескo дури и невозможно да знаеме како се чувствува, па така во ваков случај многу е лесно да донесеме заклучок, пресуда, дискриминација, насилство итн.  Но знаљеме и дека судењето на другите не дава позитивни резултати, и не може да направи ние да сме среќни. Па од тука мора да најдеме други практични можности. Што би предложиле? Како да го ограничиме донесувањето на заклучоци и пресуди кон другите?

Знаеме дека секој од нас има свои светли страни, но има и работи кои треба да ги подобри, па така понекогаш може да влијаеме на луѓетп преку потенцирање на нивните позитивни страни и јаки особини, а преку тоа може да влијаеме да ги направиме среќни и подобри лица. Ова често ќе резултира во позитивен резултат / односно и тие подоцна ќе се однесуваат подобро кон другите. Гледајќи долгорочно, гледајќи на светлата страна на луѓетоп, ние градиме по мирно општество затоа што кај тие лица кои размислуваат позитивно ќе направат искри околу нив и во својата околина, не? Така просторот за дискриминација и судење ќе се намали. Доколку секој од нас се потруди да направи мали позитивни нешта за другите, (може и само да биде делење комплименти) замислете каков среќен свет ќе биде нашиот свет?

# ДАЛИ ГО ГЛЕДАШ ИСТОТО ШТО ГО ГЛЕДАМ И ЈАС?

**Развиени вештини:**

Знаења за Културна разновидност, толеранција, прифаќање, борба против предрасуди

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 30 минути

**Цели:**

Да се препознае и воочи фактот дека не секогаш гледаме исто на работите

Да ги препознаеме сопствените предрасуди и стереотипи

**Подготовка и потребни матерјали:**

Една книга со различно насловна од двете страни (на пр. од едната страна е црна, другата црвена корица), 2 листови и 2 маркери

**Инструкции за обучувачот:**

Поделете ја целата група во две помали групи и замолете ги да седнат на две страни од работната просторија. Држете ја книгата во средина. Групата од левата страна нека ја гледа црната насловна страна, а групата од десната нека ја гледа црвената насловна страна. Групите треба да се поставени така за да не можат да видат што гледа друга група. Поставете им го прашањето „Што гледате“. Дајте им лист хартија да го запишат својот одговор. По една минута, нека покажат што напишале. После тоа, оставете простор да дискутираат и го одбранат своето мислење. Дајте им 5 минути за разговор пред да им ја покажете книгата од двете страни.

Идејата на играта е да покажеме дека има две страни на секоја приказна и ние треба да ги земеме предвид надворешните фактори на нашето мислење и туѓото со цел да ја дојдеме до некоја заедничка гледна точка.

**Примери на прашања за дискусија:**

Како се чувствувавте кога дознавте дека гледате во различни бои?

Дали ви беше тешко да разберете што се случува?

Која е поентата на играта?

Дали бевте лути во дел од играта?

Како ќе го примените во иднина? Дајте примери.

# СЛУШАМЕ ДА ОДГОВОРИМЕ, НЕ И ДА РАЗБЕРЕМЕ

**Развиени вештини:**

Знаења за Културна разновидност, толеранција, прифаќање

**Големина на група:**16+

**Потребно време**: Времетраењето на играта зависи од тоа колку учесници има. 11 минути за 10 учесника.

**Цели:**

1. Да се разбере дека луѓето гледаат или слушаат работи во зависност од нивната перспектива и дека тие обично ја пренесуваат приказната онака како што ја слушнале, но не и на начинот на кој е кажана.

**Подготовка и потребни матерјали**

Не се потребни матерјали

Пример за шега

**Инструкции за обучувачот:**

Нека се нареди групата еден позади друг во една редица. (Доколку групата ви е поголема може да ги поделите во два тимова/две редици и да им споделите две шеги). На еден волонтер шепнете му ја шегата и дајте му една минута да ја пренесе на лицето што стои пред него. Секој човек во групата има 1 минута да го стори истото, да ја каже истата шега на лицето пред него / неа. Последната личност што ја слуша шегата, ја кажува на глас. Првиот волонтер исто така ја кажува на глас. Откако ќе се повтори од личност до личност (другите не треба да ја слушаат пред време), шегата се менува.

**Примери за прашања за дискусија:**

Дали беше интересно да се види како се смени шегата?

Дали беше тешко да се пренесе шегата?

Во реалниот живот, дали честопати имаме тенденција да додаваме работи во зависност од нашата гледна точка кога разговараме, пренесуваме некои информации, разговараме за некоја ситуација?

Зошто го правиме тоа?

Во една дискусија, дали имате тенденција да разберете што велат другите, или наместо тоа, вие имате тенденција да го пронајдете одговорот? Дали слушате за да ги разберете или слушате само да дадете одговор? Зошто е така?

# КОЛКУ ДОБРО МЕ ПОЗНАВАШ?

**Развиени вештини:**

Знаења за Стереотипи, културни различности, предрасуди

**Големина на група:** околу 20 учесници

**Потребно време:** 15 минути за играта, 15 минути за дискусија

**Цели:**

Тда најдеме начин да го стопираме прифаќањето на стереотипите и предрасудите како факти за други култури

Забелешка: Стереотипите што се користат во оваа игра се оние кои најмногу ги повредуваат луѓето од соодветните земји, а фактите се проверени.

**Подготовка и потребни материјали**

Испечатени табели со факти за земји. 5 од нив. Еден за секоја земја. Табелите треба да бидат празни. Обучувачот ги покажува вистинските одговори на крајот на играта. 5 маркери или пенкала за секоја група.

**Инструкции за обучувачот:**

поделете ги учесниците во 5 групи. потоа поделете им една земја (од табелите подоле) по група. Учесниците треба да претпостават кои се вистинити и кои лажни информации за дадената земја. Потоа отворете дискусија.

На секоја група дајте неисполнета табела. >

**Примери на прашања за дискусија:**

Како се чувствувате? Дали беше лесно да се погоди што е точно, а што е лажно?

Дали ги идентификувавте предрасудите и стереотипите во табелите?

Дали им судиме на луѓето врз основа на нивната позадина и потеклото? Земја или националност?

Дали е ова добро?

Што можеме да сториме за тоа?

# КОЛКУ ДОБРО МЕ ПОЗНАВАШ?

| Обединети Американски Држави | Вистина | Лага |
| --- | --- | --- |
| Сите Американци се со прекумерена тежина/ дебели? | | X |
| Најсмртоносната работна позиција во Америка е: да бидеш Претседател. | X | |
| Има повеќе од една копија на оригиналната Декларација за независност. | X | |
| Тие се најразновидната земја во светот | X | |
| Секој Американец поседува пиштол | | X |

| КИНА | Вистина | Лага |
| --- | --- | --- |
| Кинеската новогодишна прослава трае 15 дена | X | |
| Сите Кинези се заразени со Коронавирус | | X |
| Кинеските гигантски панди се добри пливачи | X | |
| Сè во Кина е ефтино | | X |
| Сите Кинези знаат боречки вештини | | X |

# КОЛКУ ДОБРО МЕ ПОЗНАВАШ?

| ЕГИПЕТ | Вистина | Лага |
|---|---|---|
| Денешниот календар од 365 дена беше откриен во Египет | X | |
| Сите Египќани се муслимани | | X |
| Повеќе од 90% од Египет е пустина | X | |
| Египќанките не возат | | X |
| 99% од луѓето во Египет се Египќани | X | |
| | | |

| ФРАНЦИЈА | Вистина | Лага |
|---|---|---|
| Французите го открија францускиот бакнеж | | X |
| Франција е позната по помфрит (French fries) | | X |
| Франција е најпопуларната дестинација во светот | X | |
| Французите имаат лош мирис | | X |
| Во Франција можеш да се омажиш со мртва личност | X | |
| | | |

# КОЛКУ ДОБРО МЕ ПОЗНАВАШ?

| КОЛУМБИЈА | Вистина | Лага |
|---|---|---|
| Колумбија е престолнина на светот по број на убиства | X | |
| Се во Колумбија е исто како во Наркоси. | | X |
| Секој таму е на дрога или продава дрога. | | X |
| Сите жени се супермодели | | X |
| Клумбија е единствената земја во Јужна Америка што има крајбрежје и во Тихиот океан и на Карибите. | X | |
| | | |

# ПРЕДРАСУДИТЕ И СТЕРЕОТИПИТЕ НА ОТВОРЕНО

**Развиени вештини:**

Знаење за стереотипи, предрасуди, дискриминација

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 1,30 минути

**Цели:**

да се идентификуваат предрасудите и стереотипите

да се увиди каква перцепција имаме кон предрасудите и стереотипите

**Подготовка и потребни матерјали:**

5 слики од списанија кои претставуваат различна група (жени, мажи, Балканци, хомосексуалци, црнци)

5 флипчарти и маркери за секоја група

**Инструкции**

Поделете ја групата во 5 помали групи од по 4-5 учесници. На секоја група дајте им една слика од подготвените. Секоја група добива три задачи.

Да ги идентификуваат сите предрасуди и стереотипи што им се познати за групата која ја добиле (пример. сите предрасуди познати за жените, познати за мажите итн);

да ја напишат најинтересната шега за групата која ја добиле, меѓутоа видена преку призмата на предрасуди и стереотипи;

да напишат кратка приказна за во вести а притоа да ја прикажат приказната пак низ призма на стереотипи и предрасуди.

Дозволете им 40 минути на групите да дискутираат во своите групи и да работат на изработка на постерите. Напоменете дека многу е важно да размислиме за предрасудите и стереотипите и ги презентираме отворено.  Никој нема да им суди на групите затоа што напишале дека слушнале или знаат за таа група/слика која ја добиле за работа, важно е да се види како настануваат стереотипите и предрасудите.

Кога сите ќе завршат, поканете ги групите да ги презентираат своите резултати и отворете дискусија.

**Примери за прашања за дискусија:**

Дали беше лесно да се пронајдат предрасудите и стереотипите кои постојат кон жените, мажите, хомосексуалеците и др?

Како се чувствувавте кога требаше да ги напишете на хартија? Дали беше лесно?  Ако не, зошто не?

Зошто судиме?

Зошто се  смееме  на шегите кога сите сме свесни дека се полни со предрасуди и стереотипи?

Како мислите дека се чувствува хомосексуалец кога ќе слушнат шега за себе?

Што е со медиумите и предрасудите?  Дали гледате ваков вид ставови во секојдневните извештаи во медиумите?

# ДАЛИ МОЖЕ ДА СТАПИМЕ ВО БРАК?

**Развиени вештини:**

Знаење за култура, различна традиција, предрасуди и стереотипи кон различни религии и етникуми

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 1,30 минути

**Цели:**

да се идентификуваат предрасудите и стереотипите кога станува збор за етничката припадност и религијата,

да се истражат културата и традицијата.

**Подготовка и потребни матерјали**

проектор да се прикаже краток филм

флипчарти и маркери

**Инструкции за обучувачот**

Започнете ја работилницата со краток филм за еден пар од Балканот и нивната свадбена веселба. Парот е со различна религија и различен етникум.

линк до филмот: Balkan Wedding

По завршување на филмот, поделете ги учесниците во две групи. Една група треба да работи на подготовка на свадбата од страната на невестата и да види каква традиција и какви обичаи треба да направи невестата за време на свадбата. Другата група треба да ја подготви свадбената веселба од страната на младоженецот и да види каква традиција и работи ќе вклучат во свадбата според религијата и културата на зетот.

Кога ќе ја завршат оваа задача, околу 15 минути за подготовка, учесниците се собираат и ги презентираат своите детали за свадба. Дебатата е отворена, така што учесниците можат да се согласат која традиција треба да се следи и да направат план за случување на свадбената веселба.

Примери за прашања за дискусија:

Дали е тешко да се следи традицијата и културата? Што кога се работи за љубов?

Дали се случува ова во реалниот живот? Дали ги идентификувавме предрасудите и стереотипите што ги имаме кога станува збор за религијата и етничката припадност?

Како го правиме ова е пракса? Дали љубовта ќе преовладува над нив? Како можеме да направиме компромис така што сечие размислување и култура се почитува и негува?

# ПРЕДРАСУДИ ВО МЕДИУМИТЕ

**Развиени вештини:**

Знаење за предрасуди и стереотипи рефлектирани во медиумите

**Големина на група:** Одговара за секоја група

**Потребно време:** 30 минути

**Цели:**

Да разбереме што значи предрасуден став?

Да разбереме и препознаеме како предрасудниот став е насочен кон одредена личност

**Подготовка и потребни матерјали**

Отпечатени натписи од весници

Маркери

**Инструкции за обучувачот**:

поделете ги учесниците во помали групи од по 4-ца. Дајте на секоја група еден натпис од весник. Може дда ги користите овие приказни штпо се дадени тука како пример или да побарате некоја приказна што е блиска до групата со која работите. Можете на сите групи да им дадете иста приказна или да им дадете и различна со цел дискусијата да биде поинтересна.

Дозволете време секоја група да ги прочита приказните, да го подвлече предрасудниот став, да одлучи каков став постои и кого е насочен тој став? Своите одговори да ги забележат на лист.

**Примери за прашања за дискусија:**

ÇЗа какви предрасудни ставови станува збор?

Како влијаеше предрасудниот став врз индивидуата и групата луѓе?

Дали овие предрасудни ставови се заснoваат на какви било стереотипи? Кои етикети се ставаат?

Како би се чувствувале кога вас би ве третирале на овој начин?

Ако луѓето ги почитуваат меѓусебните разлики, дали би имале исти ставови?

Каков е предрасудниот став?

Кон кого се насочени предрасудите?

Извадок од вести 1

Хомосексуалците се различни / омраза кон геј луѓето

Али Кутински и кон хомосексуалците генерално

Извадок од вести 2

Индијците имаат смешен акцент и боја на кожа и јадат смешна храна

Шила Шети и индискиот народ

Извадок од вести 3

Жените немаат познавања од офсајт и воопшто од фудбалот

Сијан Меси и жените генерално

# ПРЕДРАСУДИ ВО МЕДИУМИТЕ

**За принтање / извадоци од весници како за пример:**

**Извадок од весник 1**

Али Кутински (22) беше на вечерна забава која заврши во болница каде тој се бореше за својот живот. Али, кој е приправнички полицаец, се забавувал со пријателите кога некои 20 момчиња, некои дури и на 14 години, почнале да извикуваат хомофобична навреди кон него и неговите пријатели. Али, повеќепати бил удиран во лицето и телото од страна на групата момчиња од што му останале неколку скршеници на черепот и на повреди на лицето.

**Извадок од вести 2**

Повеќе од 7.600 гледачи се жалеа на присуство на расизмот во реалното шоу, Славна личност - Големиот брат. Гледачите се жалеле дека учесниците на Големиот Брат расно ја злоупотребиле Боливуд ѕвездата Шила Шети. Тие тврдеа дека Шети, од Индија, е жртва и е малтретирана. Шети (31) се распадна во солзи откако, наводно, била измачувана за нејзината боја на кожата, акцентот и готвењето.

**Извадок од вести 3**

Претставниците на Скај Спорт, Мустафа Јововиќ и Ричард Гил се обвинети за сексизам откако дадоа неколку коментари за женскиот судија, Сијан Меси. Тие го коментираа нејзиното разбирање за правилото во офсајд за време на натпреварот во Премиер лигата. Коментаторите веруваа дека нивните микрофони се исклучени, но всушност се снимени со забелешки како што се: „Некој треба да се симне таму и да и објасни што е офсајт“, „Ти се верува ли? Женски судија. Жените незнаат ништо за офсајт!“.

# PVN ALBANIA

Projekte Vullnetare Ndërkombëtare

**Website:** www.pvnalbania.org

**Facebook:** PVN Albania

**Who are we?**

International Voluntary Projects ( Projekte Vullnetare Nderkombetare -PVN) is a non-profit organization aiming to contribute on local and global peace, sustainable development, human rights, inclusion and solidarity through local and international initiatives. It is a branch of the worldwide network, SCI, which promote the culture of peace since 1920.

**Contact**

**Address:**

**Rr. Mine Peza, Pallati 103/1, K.3, Ap.6**

**Tirana, Albania**

**Mail : info@pvnalbania.org**

**Website:** www.rycowb.org

**Facebook:** Regional Youth Cooperation Office - RYCO

**Who are we?**

Regional Youth Cooperation Office (RYCO) is an independently functioning institutional mechanism, founded by the Western Balkans 6 participants (WB 6): Albania, Bosnia and Herzegovina, Kosovo*, Montenegro, North Macedonia and Serbia, aiming to promote the spirit of reconciliation and cooperation between the youth in the region through youth exchange programs.

The Agreement on the Establishment of RYCO was signed by the WB 6 Prime Ministers at the WB Summit held in Paris, on 4 July 2016.

RYCO are supporting great ideas that are promoting reconciliation, trust, cooperation and dialogue in the Western Balkans through supporting and funding projects which bring youth of the region together.

**Contact**

**Address:**

**Rruga Skënderbej 8/2/2**

**Tirana, Albania**

**Mail : office@rycowb.org**

**Thank you to everyone who was involved in making this manual and we hope it will serve as a useful tool for those working for peace and reconciliation in the region.**



RYCO
Regional Youth Cooperation Office

United Nations
Peacebuilding

Projekte Vullnetare Ndërkombëtare